Република Македонија

# ОД СОСЕДСТВО ДО ПАРТНЕРСТВО

## ИПА-прекугранична програма помеѓу Република Грција и Република Македонија 2007-2013

Министерство за локална самоуправа

**Почитувани,**



Министер за локална самоуправа,
г. Nevzat BEJTA

Задоволство ми е што и преку оваа публикација имам можност да им се заблагодарам на Европската комисија и на нашите пријатели, соседи и колеги од Грција, за исклучителната соработка во рамките на реализацијата на Програмата за прекугранична соработка.

Република Македонија и Грција ќе започнат со имплементација на првите 18 заеднички проекти, финансирани од ИПА-Програмата за прекугранична соработка на Европската Унија. Ова е само почеток на едно ново партнерство помеѓу две соседни земји. Благодарение на регионалната политика на Европската Унија, соработката помеѓу нашите две држави се проширува и ги зближува граѓаните од двете страни на границата.

Пограничните региони имаат заеднички специфичности и потреби, затоа и најсоодветно се решаваат прашањата преку заедничко ангажирање. За Република Македонија оваа програма има посебно значење. За партнер ја имаме Грција, земја со долг стаж во Европската Унија. За нас е драгоцено грчкото искуство во користењето на Европските фондови преку развивање на квалитетни и конкурентни проекти коишто ќе бидат корисни за двете земји и за граѓаните.

Република Македонија, како потенцијална членка на Европската Унија, настојува со целиот свој капацитет да се инволвира во регионалната политика на Унијата, како начин за надминување на регионалните диспаритети, но и како можност за подобрување на квалитетот на живеење на луѓето од пограничните подрачја.

ИПА-инструментот на Европската Унија за земјите-корисничи нуди сериозна финансиска поддршка, но компонентата за прекугранична соработка има посебна димензија - таа ги зближува луѓето во регионот, ги надминува јазичните, културолошките, религиозните и други бариери, упатува на соработка и добрососедство. Ги обединува ресурсите не само помеѓу соседните земји, туку и помеѓу централната и локалните власти, граѓанскиот сектор и бизнис-асоцијациите, универзитетите, научните и културните установи и институции и други субјекти. Ако се анализираат придобивките од различни аспекти, ефектот од прекуграничната соработка е огромен и мултидимензионален. Затоа очекувам дека и двете земји ќе продолжат со соработката во рамките на Програмата за прекугранична соработка и со поддршка од Европската Унија ќе реализираме уште голем број заеднички проекти, на задоволство на нашите граѓани.

Со искрена желба за успешна соработка, срдечно,

Nevzat BEJTA,
Министер за локална самоуправа

## ИПА-ВТОРА КОМПОНЕНТА – ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА



Основната цел во дизајнирањето на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) е да се подобри ефикасноста на средствата кои се даваат како надворешна помош од страна на Европската унија. Ова е нова единечна рамка за програмирање и испорака на помош, која ги вклучува претходните предпристапни поддршки, како и онаа поддршка од процесот на стабилизација и придружба за земјите-кандидати и за земјите-потенцијални кандидати.

Правната основа за ИПА е дефинирана со Регулативата (ЕЗ) бр. 1085/2006 на Советот на Европа од 17. јули 2006 година, која го воспостави Инструментот за претпристапна помош. Со цел да се воспостават правилата за имплементирање на помошта која се доделува од Заедницата, беа изготвени Регулативата (ЕЗ) бр. 718/2007 од 12. јуни 2007 година за спроведување на Регулативата (ЕЗ) бр. 1085/2006 и Регулативата бр. 80/2010 од 28. јануари 2010.

За да се обезбеди правилно насочена, ефективна и кохерентна активност, ИПА е составен од 5 компоненти:

1. Транзициска помош и институционална надградба;
2. Прекугранична соработка.

Овие две компоненти може да се користат од сите земји-кориснички на ИПА. Останатите три компоненти се наменети само за земјите-кандидати за членство во ЕУ, а компонентите се:

3. Регионален развој;
4. Развој на човечки ресурси; и
5. Рурален развој.

Во Република Македонија, Вице-премиерот за европски прашања е именуван за Национален координатор на ИПА (НИПАК), кој постапува како претставник на Република Македонија во однос на Европската комисија и кој е одговорен за координирање на учеството на Република Македонија во сите 5 (пет) компоненти на ИПА.



Седиштето на Европска Комисија

Во согласност со членот 32(2) од Регулативата за спроведување на ИПА, НИПАК ја делегира одговорноста за втората компонента на Министерот за локална самоуправа (МЛС), кој е во улога на координатор за ИПА, компонента II. Секторот за Европска унија во рамките на МЛС е одговорна структура за спроведување на ИПА-компонентата за прекугранична соработка.

Прекуграничната соработка треба да придонесе за одржлив развој, стабилност и напредок на пограничните области, што е од заеднички интерес за граѓаните и за институциите во Република Македонија и во соседните земји.



Работна средба на Министерот за локална самоуправа со претставници на ЕК за ИПА-прекуграничните програми

Подобрена прекугранична соработка е една од петте стратешки области во која е насочена претпристапната помош преку ИПА со што се поддржува Република Македонија во исполнувањето на критериумите за придружување во ЕУ, како и за соочување со предизвиците од идното членство во ЕУ.

Проектите што ќе се имплементираат треба да се ориентирани кон заеднички предизвици во областите, како што се: заштита на животната средина, природното и културното наследство, јавното здравство, заштита и борба против организираниот криминал. Во исто време овие активности треба да придонесат за градење на капацитетите на релевантите учесници во насока на нивно оспособување за користење на средствата од Структурните фондови. Со ИПА-средствата, Република Македонија ќе може да ги реализира прекуграничните програми со Албанија, Бугарија, Грција и Косово, како и да учествува во ЕРДФ - Транснационалната програма за соработка на Југоисточна Европа. Средствата ќе може, исто така, да бидат користени за развој на билатерални прекугранични програми со Србија.

Програмите за прекугранична соработка ќе финансираат заеднички активности кои се заеднички избрани од земјите-учеснички и ќе вклучуваат крајни корисници од најмалку две земји-кориснички што ќе соработуваат на најмалку еден од следниве начини: заеднички развој, заедничко спроведување, заеднички персонал и заедничко финансирање.

Идентификувањето подобни проекти за финансирање се реализира преку објавување повици за поднесување проектни предлози и избор на најквалитетни проектни предлози, но исто така земјите-учеснички можат да идентификуваат заеднички активности, издвоено од повиците за проектни предлози.

Она што е специфично за ИПА-прекуграничните програми коишто ги спроведува Република Македонија е дека секоја од нив има посебен начин на управување. Така на пример прекуграничната програма со Бугарија се реализира под заедничко управување (shared management), со Грција е под транзициско управување (transitional management), додека програмите со Албанија и Косово се реализираат под централизирано управување. За ИПА-прекуграничните програми помеѓу Република Македонија и Република Албанија, како и помеѓу Република Македонија и Република Косово, соодветните делегации на Европската унија во секоја земја функционираат како договорни тела.

## ИПА-ПРЕКУГРАНИЧНА ПРОГРАМА СО РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА 2007-2013

ИПА-прекуграничната програма со Грција беше одобрена од страна на Европската комисија на 5. септември 2008 година.

Областите што ги исполнуваат критериумите за подобност се Лерин, Постол, Кукуш, Серес и Солун во Грција, а Пелагониски, Вардарски, Југоисточниот и Југозападниот плански регион во Република Македонија.




Вкупните финансиски средства, обезбедени за имплементација на Програмата, во периодот на алоцирани средства 2007 – 2013 година изнесуваат 31.549.723 €, од кои 11.477.128 € се наменети за Република Македонија. Од средствата наменети за Република Македонија, 9.755.560 € се придонес од ЕУ, а 1.721.569 € се национално кофинансирање од Република Македонија.

Стратегијата на Програмата е со една општа цел и два стратешки приоритета.

**Општата цел на Програмата** е да се зајакне меѓусебното приближување во програмската област со унапредување на одржливиот локален развој имајќи ги предвид економските, општествените, културните компоненти и компонентите на животната средина.



Смоларски водопади, Струмица

Програмата ќе ја јакне соработката меѓу економските учесници преку заеднички пристапи за поддршка на локалните економски активности, развојот на локалните човечки ресурси и заштитата на здравјето на луѓето, како столбови за одржлив локален економски развој. Од друга страна, Програмата своите ресурси, исто така, ги посветува на заштитата и унапредувањето на потенцијалот на животната средина и културниот потенцијал во програмската област, како средства за одржлив локален развој.

Како ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА се дефинирани:

**Приоритет 1** - зајакнување на прекуграничниот економски развој, кој има за цел да го унапредува одржливиот економски развој преку заеднички интервенции и поттикнување на прекуграничните односи. Тој ќе се спроведе со четири мерки:

- концентрирање на унапредувањето на претприемништвото;
- зајакнување на човечките ресурси;
- развој на одржливиот туризам; и
- заштита на здравјето на луѓето преку прекугранични активности.




Сердарот од Г. Прличев

**Приоритет 2** - зајакнување на еколошките ресурси и на културното наследство на програмската област, чија цел е унапредување на заедничките активности за заштита на природната и на културната средина и мобилизирање на природните и културните ресурси. Овој приоритет ќе се реализира низ две мерки коишто ќе се концентрираат врз унапредувањето и врз заштитата на ресурсите на животната средина и на природното и културното наследство во областа.

Програмата се имплементира преку транзициски пристап, каде што Управниот орган на Програмата е при Министерството за развој, конкурентност и бродарство на Грција. Тој е одговорен за раководење и реализација на ИПА-Програмата според начелото на здраво финансиско управување.

Од македонска страна, национална оперативна структура е Министерството за локална самоуправа.

Земјите-учеснички формираат Заеднички комитет за следење којшто го обезбедува квалитетот, ефикасноста и одговорноста на програмските активности. Досега се одржани 3 состаноци на Заедничкиот комитет за следење.

Оперативното секојдневно водење на Програмата се реализира од страна на Заедничкиот технички секретаријат, основан во Солун, како и преку „Антена" во Битола.

Подетални информации има на следните web-страници: www.interreg.gr, www.ipacbc-mkd.org, www.delmkd.ec.europa.eu и www.mls.gov.mk.

## ОДОБРЕНИ ПРОЕКТИ ОД ПРВИОТ ПОВИК ЗА ПРОЕКТНИ ПРЕДЛОЗИ

Заедничкиот комитет за управување, на состанокот одржан на 22. септември 2011 година, го одобри Извештајот од Заедничката мешовита евалуациска комисија, составена со цел оценување на пристигнатите 135 апликации со проектни предлози од првиот повик од ИПА-Прекуграничната програма помеѓу Грција и Република Македонија.

Со заедничка одлука беа селектирани 18 проекти, со кои се покриени сите приоритетни мерки. Вкупната вредност на одобрените проекти изнесува 5.291.000,00 €. Висината на средствата коишто ќе ги употребат грант-корисниците од Република Македонија во 18 проекти изнесува 2.305.000,00 €, од кои 85 % е финансирање од ЕУ, 10 % е национално кофинансирање од Владата на РМ преку буџетот на Министерството за локална самоуправа, додека 5 % од висината на проектите ќе бидат кофинансирани од страна на самите корисници.

## Проект: Прекугранични тркала - CBW

Проектот вклучува активности во развојот на мото-спортот во прекуграничните области, кој треба да ја збогати туристичката понуда и да придонесе за размена на искуства. Активностите ќе обезбедат содржини за посебни групи туристи, преку организација на различни видови натпреварувања и спортски активности и промоција на мото-спорт туризмот во пограничните региони на Серес и Гевгелија, како и изработка на студија за поврзување на спортски настани со културни и бизнис средби.

### Очекувани резултати:

- Изработка на студија за поврзување на спортски настани со културни и бизнис средби и размена на искуства;
- Организација на меѓународни трки и релија во пограничните региони на Серес и Гевгелија;
- Реализација на туристички тури;
- Публикуван „туристички водич" и фото-албум на пограничните региони.

### Партнери во проектот:

1. Мотоциклистичка федерација на Македонија, Македонија
2. Серес Тркачки круг, Грција

Вкупен буџет на Проектот:
**289.020,00 €**

Буџет за партнерот од Република Македонија:
**79.020,00 €**

Времетраење на Проектот:
**15 месеци**



## Проект: Регионална сертификација на професионалните вештини во секторот агротуризам - А.Т.С.

Проектот го има во фокусот агротуризмот како витален економски придонес во руралните области, кој е зависен од поседување на знаење и имање технички обучен кадар и кој ќе се реализира преку стекнување вештини преку програми и семинари за доживотното учење. Реализацијата ќе се обезбеди преку соработка на образовните институции за развој на заеднички наставни програми, развој на доживотно учење, промоција на нови вештини за управување, како и олеснување на пристапот до образование.

### Очекувани резултати:

- Соработка и вмрежување на образовни институции за развој на заеднички наставни програми, развој на доживотно учење;
- Промоција на нови вештини за управување;
- Студија за идентификување на потребите во секторот;
- Работилници и курсеви за обука за невработени и професионалци;
- Сертификација на слушателите;
- Информирање и публицитет.

### Партнери во Проектот:

1. Универзитет "Свети Климент Охридски" Битола, Македонија
2. Американско земјоделско училиште, Солун, Грција
3. Балканска алијанса на хотелски здруженија, Охрид, Македонија

Вкупен буџет на Проектот:
**241.200,00 €**

Буџет за партнерот од Република Македонија:
**71.200,00 €**

Времетраење на Проектот:
**12 месеци**





Оваа ИПА-програма за прекугранична соработка е кофинансирана од Европска Унија
и од националните фондови на земјите учеснички

## Проект: Користење нови технологии за промовирање на детската заштита во прекуграничните региони - ChildrenHealth

Целта на овој проект е научна соработка помеѓу двете земји, со која ќе се проценат и промовираат методи за ублажување на проблемите со зголемување на телесната тежина (дебелина), како и намалување на кардиоваскуларните болести кај општата популација, почнувајќи од детството, во прекуграничната област помеѓу двете земји. Исто така, ќе се обезбедат податоци за начинот на исхрана и живеење, поврзано со болести и здравствени нарушувања кај децата на 8-12 години, а добиените резултати ќе бидат основа за примена и насочена информативна кампања за населението.

### Очекувани резултати:

- Одредување напредни методи за утврдување на факторите на ризик за кардиоваскуларни болести и дебелината на децата;
- Кардиоваскуларен здравствен евиденциски систем;
- Образовни платформи за пошироката јавност;
- Работилници, едукативен материјал и семинари за зголемување на свеста за кардиоваскуларни ризици во раното детство.

### Партнери во Проектот:

1. ЈЗО Клинички болници „Д-р Трифун Пановски” Битола, Македонија
2. Универзитет „Аристотел“ Солун, Грција
3. Општа болница Јанина, Грција
4. Општа болница на Лерин „Елени Т. Димитриоу“, Грција
5. Здравствен дом Гевгелија, Република Македонија

Вкупен буџет на Проектот:
**445.416,00 €**

Буџет за партнерите од Република Македонија:
**145.416,00 €**

Времетраење на Проектот:
**15 месеци**



## Проект: Интегриран план за промоција на заедничкото архитектонско наследство и развој на религиозниот туризам во прекуграничната област – PROMO-CROSS

Проектот претставува интегриран план за промоција на заедничкото архитектонско наследство и развој на религиозниот туризам во прекуграничната област. Главната цел е создавање дигитални архиви на културни и верски артефакти, како и дизајн и обезбедување мобилни апликации и услуги за граѓаните со верски интереси, како развој на верскиот туризам во прекуграничната област на Кукуш и Крушево. Соработката на партнерите ќе го истакне заедничкиот архитектонски и верски идентитет и богатите културни и верски ресурси во областа, преку сет на иновативни активности за зачувување и промоција на традиционалната архитектура.

### Очекувани резултати:

- Собирање документација;
- Дигитализација и тродимензионално моделирање на верските споменици и традиционалните архитектонски објекти во прекуграничната област;
- Сет на иновативни активности за зачувување и промоција на традиционалната архитектура;
- Имплементација на бизнис план за заедничка валоризација на архитектонското наследство.

### Партнери во Проектот:

1. Општина Крушево, Македонија
2. Агенција за развој на Кукуш, Грција

Вкупен буџет на Проектот:
**261.564,00 €**

Буџет за партнерот од Република Македонија:
**111.564,00 €**

Времетраење на Проектот:
**12 месеци**



## Проект: Промовирање на иновативно претприемништво преку развој на кластер за ароматични и фармацевтски билки - INCLUDE

Проектот ќе развие иновативни кластери на ароматични и фармацевтски растенија. Проектот се спроведува во три фази, преку дизајнирање на темелите на кластерот, имплентирање и користење и вреднување на различни елементи кои се веќе присутни во прекуграничната област, преку негово јакнење се до последната фаза во која ќе дојде екстровертност на кластерот. Вклучува активности на меѓународни изложби и вмрежување настани во странство, информациони и активности на публицитет, правење директориум.

### Очекувани резултати:

- Дизајнирани и развиени кластери на ароматични и фармацевтски растенија;
- Создавање директориум;
- Организирање и учество на меѓународни изложби;
- Вмрежување на кластерот;

### Партнери во Проектот:

1. Фондација за локален и ИТ развој, Гевгелија, Македонија
2. Трговска и индустриска комора на Кукуш, Грција
3. Развојна агенција на Кукуш, Грција

Вкупен буџет на Проектот:
**243.550,00 €**

Буџет за партнерот од Република Македонија:
**83.550,00 €**

Времетраење на Проектот:
**15 месеци**



## Проект: Локалните заедници во активности за еколошка заштита - ENVI

Заштитата на животната средина, природните ресурси и поттикнувањето на локалните заедници активно да учествуваат во овој процес се главните теми на овој проект. Општина Делта и општина Кавадарци имаат заедничка потреба за заштита на реките што течат преку нивната географска област, реката Вардар и реката Луда Мара.

Главните резултати на Проектот вклучуваат создавање ИТ платформа и опрема за контрола на загадувањето на водата, како и посебен инфраструктурен проект за регулирање на реката Луда Мара.

### Очекувани резултати:

- Реализација на инфраструктурен проект за регулирање на реката Луда Мара;
- Создавање ИТ платформа и опрема за контрола на загадувањето;
- Развивање систем за информирање преку куси пораки (СМС) и електронска пошта;
- Работилници и информативни денови;
- Изработка на web-страница, промотивни материјали.

### Партнери во Проектот:

1. Општина Кавадарци, Македонија
2. Општина Делта, Грција
3. УНЕСКО Младински клуб Солун, Грција
4. ЈМЦА Скопје, Македонија

Вкупен буџет на Проектот:
**231.556,44 €**

Буџет за партнерот од Република Македонија:
**111.556,44 €**

Времетраење на Проектот:
**15 месеци**



## Проект: Интеракција низ глума: Од драма до современа уметност - INTERACT

Овој проект е од оние проекти каде што постои соработка на уметнички и културен план, со што се овозможува ширење на културата, се стимулира социјалниот дијалог и со што се продлабочуваат меѓусоседските односи. Во овој проект партнерите комуницираат преку културен дијалог, стимулирајќи заеднички театарски активности – промовирање на едукативната улога на театарот, зголемување на јавната свест во поглед на активната улога во вакви заеднички културни иницијативи, како и развивање професионална обука за актери - професионалци и аматери.

### Очекувани резултати:

- Копродукција на театарска претстава изведена во Театарот на Хераклеја;
- Изложба на маски од комедии и драми во Хераклеја;
- Два семинара во Битола - еден за употребата на драмски техники во образованието, наменет за наставници, и еден за играњето ролја како средство за личен развој, наменет за невработени лица;
- Промотивни материјали.

### Партнери во Проектот:

1. Здружение за култура и уметност „Мал драмски театар“ Битола, Македонија
2. Организација за уметност Андреас Вутцинас, Грција
3. Здружение за пријателство помеѓу Битола и Грција „Пелагонија-Битола“, Македонија

Вкупен буџет на Проектот:
**327.499,80 €**

Буџет за партнерот од Република Македонија:
**127.499,80 €**

Времетраење на Проектот:
**15 месеци**



## Проект: Хорови и оркестри: Крстопат на Иновативна Соработка - CONCERT

Овој проект промовира социјална вклученост и кохезија на целото човечко општество преку културни настани, како што се: заеднички хорски концерти во Солун и Битола, образовни посети на студенти од двете земји, учество во летен камп, учество на уметнички творечки ателјеа за изработка на музички инструменти. Целта на Проектот е да послужи како алатка за мобилизација и професионален развој на сектор на хорската музика, но и како клуч за „отворање“ на креаторите на политиките, властите, граѓанското општество, како и на културните институции на локално, регионално и национално ниво.

### Очекувани резултати:

- Заеднички хорски концерти во Солун и Битола;
- Образовни посети на студенти од двете земји;
- Учество во летен камп;
- Организирање мобилни изложби со занаетчиски музички инструменти;
- Размена на релевантен информативен материјал во училиштата на Пелагонискиот регион, како и во Солун;
- Промотивни материјали.

### Партнери во Проектот:

1. Културно уметничко друштво “Стив Наумов”, Македонија; Драмски театар, Битола, Македонија
2. Културно и интелектуално здружение “Кораис”, Грција
3. Здружение на граѓани “Картериа”, Солун, Грција

Вкупен буџет на Проектот:
**240.842,00 €**

Буџет за партнерот од Република Македонија:
**44.842,00 €**

Времетраење на Проектот:
**12 месеци**



## Проект: Основање центар за посредување при вработувања и создавање бизниси и локален трговски саем во прекуграничниот регион - BEC TSB

Стратешката цел на овој проект е да се подобри претприемништвото и вработувањето во областа на прекуграничниот бизнис и да се поттикне размена и соработка преку унапредување на бизнис-вештините и да се создадат канали за комуникација и соработка помеѓу претпријатијата и фармерите, кои се поврзани со други организации и институции вклучени во бизнисот.

### Очекувани резултати:

- Истражувања на пазарот и изработка на водич за претприемништво;
- Промотивни материјали, работилници и деловни средби;
- Учество на Меѓународниот саем во Солун и организирање регионални саеми;
- Основање два бизнис-центра и центри за вработување во Гевгелија и во Пајонија;
- Промотивни материјали.

### Партнери во Проектот:

1. Општина Гевгелија, Македонија
2. Општина Паиониа, Грција
3. Општина Скотуса, Грција
4. Општина Дојран, Македонија
5. Институт за изложбени испитувања, Солун, Грција

Вкупен буџет на Проектот:
**228.004,71 €**

Буџет за партнерот од Република Македонија:
**118.004,71 €**

Времетраење на Проектот:
**15 месеци**



## Проект: Гастрономски патишта - КАЈМАКЧАЛАН

Проектот нуди можност да се откријат прекуграничните региони преку промоција на нивните гастрономски богатства, да се идентификуваат сличностите и можностите во регионите на Воден и на Кавадарци. Главна цел на Проектот е да се зајакне меѓусебното приближување во прекуграничната област, преку промовирање одржлив локален развој и со помош на соработка за адресирање заеднички предизвици во прехранбениот и туристичкиот сектор.

### Очекувани резултати:

- Создавање "Дом на вкусот" во Воден и во Кавадарци;
- Отворање Гастрономски информативен центар во Воден;
- Организација на две еко-гастрономски изложби;
- Организација на фестивали: "Цвет и вишна фестивал" во Воден и "Вино фестивал" во Кавадарци;
- Други промотивни настани и материјали.

### Партнери во Проектот:

1. Општина Кавадарци, Македонија
2. Општина Лерин, Грција

Вкупен буџет на Проектот:
**248.928,00 €**

Буџет за партнерот од Република Македонија:
**68.928,00 €**

Времетраење на Проектот:
**15 месеци**





Оваа ИПА-програма за прекугранична соработка е кофинансирана од Европска Унија и од националните фондови на земјите учеснички

## Проект: Центар за едукација и вмрежување во туризмот - CENET

Со реновирање и пренамена на стара зграда во Демир Капија ќе се основа Центар за образование и вмрежување во туризмот, кој ќе отвори можности за реализација на активности за промовирање на одржлив туризам преку иновативност во доживотното образование, развој на лидерството, како и преку бизнис-консултации и заеднички истражувања.

### Очекувани резултати:

- Промотивни активности организирани за новинари и тур-оператори;
- Семинари и обука за невработени, за одржлив туризам;
- Прирачник со фокус на винскиот туризам;
- Елаборат и 5-годишен план на активности;
- Вмрежување на релевантни институции од двете земји.

### Партнери во Проектот

1. Општина Демир Капија, Македонија
2. Трговска комора на Воден, Грција

Вкупен буџет на Проектот:
**332.366,00 €**

Буџет за партнерот од Република Македонија:
**262.366,00 €**

Времетраење на Проектот:
**15 месеци**




## Проект: Интегрирана селекција, заштита и промоција на балкански генетски шумски ресурси со естетска вредност – ISPROP-FORGEN

Проектот се стреми да им овозможи на двете земји подобро користење на биолошката разновидност и богатството во прекуграничните региони, со тоа што би се намалил увозот на украсни растенија, а би се зголемил извозот на украсни растенија произведени во прекуграничниот регион.

### Очекувани резултати:

- Извршена селекција на растителен генетски материјал со свои естетски и декоративни вредности;
- Колекција на растителен материјал (генбанки) и развој на протокол за клонирање;
- Обезбедување на пазарот со нови украсни растенија;
- Промоција на избрани декоративни растенија;
- Охрабрување на инвестиции од страна на приватни компании во областа на производство и маркетинг.

### Партнери во Проектот:

1. Универзитет “Гоце Делчев” , Штип, Факултет за земјоделие, Македонија
2. Универзитет „Аристотел“ Солун, Грција

Вкупен буџет на Проектот:
**258.140,08 €**

Буџет за партнерот од Република Македонија:
**108.140,08 €**

Времетраење на Проектот:
**15 месеци**



## Проект: Развивање заеднички прекуграничен противпожарен план „ПРОТИВПОЖАРЕН ШТИТ“

Проектот е насочен кон развивање аеднички план за реализирање активности против пожари во регионите на Пелагонија и на Лерин, како и зајакнување на капацитетите на службите во регионите, одговорни за противпожарна заштита. Одговорните организации ќе можат да дејствуваат поефикасно на две нивоа: заштита од пожари и гаснење на пожари. Планот ќе биде потпишан од страна на регионалните власти и ќе се фокусира на технички барања и на соработка на техничко ниво.

### Очекувани резултати:

- Заеднички план за противпожарна заштита;
- Техничко доекипирање и инсталација на противпожарна опрема;
- Сателитско следење и размена на искуства;
- Зголемување на јавната свест со општите правила за заштита на шумите и создавање на поблиски врски со населението.

### Партнери во Проектот:

1. Плански центар за развој на Пелагониски-от регион, Македонија
2. Агенција за развој на Лерин, Грција
3. Општина Битола, Македонија
4. Општина Прилеп, Македонија
5. Регион на Западна Македонија, Грција

Вкупен буџет на Проектот:
**466.517,00 €**

Буџет за партнерот од Република Македонија:
**296.517,00 €**

Времетраење на Проектот:
**15 месеци**




## Проект: Пренос на знаење и искуства за примена на централното греење во Битола и Новаци - ТЕЛЕТЕРМ

Проектот се фокусира на пренесување на „know-how“ за топлификација преку ефикасен енергетски систем за дистрибуција на топлината за корисници во општините Битола и Новаци. Ќе се користи искуството од Соровиц (Аминтаио), каде што ваков систем на греење е инсталиран и е во функција од 2004 година.

### Очекувани резултати:

- Изработка на четири студии: “Мастер план”, “Физибилити студија”, “Техничка студија” и “Cost-benefit анализа”;
- Работилници за размена на знаење помеѓу техничкиот персонал на партнерите, како и конференции;
- Развој на web-страница и дисеминација на комуникациски материјал;
- Демонстрациски активности.

### Партнери во Проектот:

1. Општина Битола, Македонија
2. Меѓуопштинска компанија за реонско греење на Соровиц, Грција
3. Општина Новаци, Македонија

Вкупен буџет на Проектот:
**267.322,94 €**

Буџет за партнерот од Република Македонија:
**167.322,94 €**

Времетраење на Проектот:
**15 месеци**



Ефикасно и еколошко искористување на природните ресурси

## Проект: Жените во мрежа за иновации и претприемништво - WIN WIN

Проектот се фокусира на промоција на активното вклучување на жените во регионалниот развој и раст преку зголемување на нивното учество во вработувањето и претприемништвото. Проектот има за цел да се подобрат вештините и потенцијалот на жените во областите: Лерин, Постол, Битола, Ресен, Битола и Демир Хисар и активно да овозможи бизнис-опкружување.

### Очекувани резултати:

- Создавање на постојани и мобилни единици во двете земји со помош на модел Женски ресурсни центри;
- Обезбедени алатки и холистички услуги за работа и финансирање;
- Обука, советување и менторирање;
- Вмрежување на организициите на жените;
- Релевантни студии во двете земји.

### Партнери во Проектот:

1. Општина Ресен, Македонија
2. Ергани центар за поддршка за вработување и претприемништво на жените, Грција
3. Здружение на уметнички ракотворби „Македонски ракотворби“ Битола, Македонија
4. НВО за развој на алтернативен туризам Љубојно, Македонија
5. Регион на Западна Македонија, Грција

Вкупен буџет на Проектот:
**187.160,00 €**

Буџет за партнерот од Република Македонија:
**87.160,00 €**

Времетраење на Проектот:
**15 месеци**




## Проект: Интерактивен систем за поддршка на земјоделците за ефикасно управувањето со водата за наводнување - RULAND

Проектот се фокусира на интерактивен систем за поддршка на земјоделците за ефикасно управување и користење на водата за наводнување, со што во прекуграничните региони би се решил проблемот со загубите причинети од неадекватниот начин на користење на водата. Со разрешувањето на слабиот менаџмент, ќе се подобрат нивните приноси и земјоделците ќе стекнат дополнителни економски бенефиции.

### Очекувани резултати:

- Собирање податоци и нивно елаборирање;
- Развој на заеднички база на гео-податоци за користење на земјиштето, квалитетот на почвата, климатските податоци како и други параметри;
- Развивање систем за управување со користењето на водата;
- Инсталирање опрема на десет пилот-фарми и демонстрациски опити;
- Изработка на промотивни и информативни материјали.

### Партнери во Проектот:

1. Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Македонија
2. Регион на Западна Македонија, Грција
3. Технолошки и едукативен институт, Кожани, Грција
4. Универзитет „Св. Климент Охридски“, Битола, Македонија

Вкупен буџет на Проектот:
**299.112,00 €**

Буџет за партнерот од Република Македонија:
**99.112,00 €**

Времетраење на Проектот:
**15 месеци**


Припрема на почвата за инсталирање на логер


Сензор за влага

## Проект: Мрежа на термални извори како интегриран систем - NTheSSiS

Проектот ќе создаде интегриран систем преку вмрежување на природните богатства, извори на термални води и промоција на одржлив термален туризам. Преку јакнење на спа-туризмот ќе им се помогне на корисниците да бидат во добра физичка кондиција што ќе придонесе кон понатамошно развивање на овој тип туризам.

Проектот ќе се иплементира во областите на Кукуш, Серес, Лерин, Постол и Солун, како и во Дебар, Гевгелија, Струмица и Кочани, во оние места каде што има извори на термална вода и предуслови за бањски туризам.

### Очекувани резултати:

- Изработка на тродимензионални анимации и дигитализација на три термални извори во Грција и во Република Македонија;
- Семинари, тематски работилници, размена на искуства;
- Диструбиција на информации и публицитет;
- Промотивни туристички ескурзии;
- Изработка на „Атлас“.

### Партнери во Проектот:

1. Фондација за развој на мали и средни претпријатија (Регионален центар за развојна поддршка, Битола) Македонија
2. Здружение на извори на термални води на општините, Грција

Вкупен буџет на Проектот:
**151.950,00 €**

Буџет за партнерот од Република Македонија:
**51.950,00 €**

Времетраење на Проектот:
**14 месеци**



## Проект: Лабараторија за следење на мерни податоци од автопатишта во делот на животна средина – E-Highway

Со овој проект ќе се воспостават заеднички методолошки алатки и механизми со цел да се поддржи развојот и да се подобри еколошката заштита на автопатиштата во двете земји преку создавање „зелена“ транспортна мрежа. Еколошкиот мониторинг и создавањето систем за рано алармирање (за загадување на воздухот, водата и бучава) ќе придонесе за носење одлуки за еколошки оперативни дејности на автопатиштата и за заштита на природната средина.

### Очекувани резултати:

- Дистрибуција на информативни материјали и настани;
- Иницирање активности во јавните медиуми;
- Организирање семинари со цел да се намалат еколошките загадувања при сообраќај на автопатиштата;
- Креирање web-страница.

### Партнери во Проектот:

1. Агенција за јавни патишта, Скопје, Македонија
2. „Виа Игнација“ СА Солун, Грција
3. Универзитет „Аристотел“ Солун, Грција

Вкупен буџет на Проектот:
**421.380,00 €**

Буџет за партнерот од Република Македонија:
**121.380,00 €**

Времетраење на Проектот:
**12 месеци**



Брошурата е подготвена во рамките на спроведувањето на проектот „Техничка помош на Министерството за локална самоуправа во имплементација на ИПА-прекуграничната програма со Грција“ – Грант CRIS Nr. 2010/254-527

Имплементатор: **Министерство за локална самоуправа**
Адреса: **ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин“ 50, 1000 Скопје**
Тел.: **+389 (0)2 3216 134**
Факс: **+389 (0)2 3216 134**

„Оваа брошура е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на брошурата е единствена одговорност на Министерството за локална самоуправа на Република Македонија и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.“

Скопје, јануари 2012





Република Македонија

Министерство за локална самоуправа

www.mls.gov.mk